*Заедничка COE/EC Програма ,,Еднакви Права и Третман за Ромите од југоисточна Европа,, 2006-2007*

# Кампања за комуникација и за подигање на свеста

# ,,Доста!: Надминете ги предрасудите, откријте ги Ромите,,

**Позадина на Програмата:**

,,Еднакви Права и третман за Ромите и Синтите од југоисточна Европа,, е трет заеднички програм на Советот на Европа и Европската Комисија за Ромите од регионот.

Двата претходни програми за Ромите беа имплементирани во регионот од 2000 до 2005 година специјално опфаќајќи ги клучните социјални проблеми како што се домувањето, вработувањето, образованието и здравството, ареи каде што Ромите сеуште со соочуваат со потешкотии.

Всушност, во текот на минатата декада ромската популација, специфично од североисточна Европа, беше погодена од нестабилности: беа жртви на присилна миграција и многумина од нив сеуште се бегалци или раселени лица. Нивната социјална и економска ситуација е сеуште несигурна и во овој период се покажаа сериозни несакани ефекти врз образованието на децата и врз вработувањето.

Во повеќето случаи, Владите ја воочија потребата од тоа да ја подобрат ситуацијата во која што се наоѓаат Ромите креирајќи политика во која ќе ги инволвираат сите релевантни фактори, вклучувајќи ги и Ромите, но многупати таквите политики недостасуваат. Како резултат на минатите два заеднички програми, повеќе земји кои што партиципираа во нивните имплементации, донесоа Национални Стратегии за Ромите со асистеницја на Советот на Европа. Оваа рамка од политики скоро беше комплетирана со донесување на Национални Акциони Програми за Ромите како дел од Декадата за Вклучување на Ромите.

Како и да е, преку една ваква внатрешна евалуација водена од Советот на Европа и нејзината Дивизија за Ромите беше увидено дека заложбите направени од земјите учеснички и нивните влади, често се фрустрирани, од една страна; недостасуваат и соодветни техники за мониторинг кои што ќе ги идентификуваат недостатоците во националните стретегии за Ромите, а од друга страна пак, сеуште постојат длабоко вкоренети предрасуди и дискриминациски практики помеѓу локалните авторитети и локалната популација.

Овој трет заеднички Програм ,,Еднакви Права и Третман за Ромите,, е логичен продолжеток на минатите два програми и ќе биде имплементирана во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и ,,бившата Југословенска Република Македонија,, во текот на 2006 и 2007 година со следниве цели:

- асистирање на владите и на претставниците на Ромите во зголемување на нивниот капацитет заедно да учествуваат во ефективен мониторинг и евалуација на Националните Стратегии за Ромите, за да осигураат и ефективна имплементација

- креирање на кампањи за подигање на свеста за Ромите и нивната култура фокусирана на искоренување на предрасудите, стереотипите преку промоција на позитивен имиџ на Ромите.

Оваа програма исто така ќе контрибуира во креирање на комуникациски канали за да им се помогмне на владите, да им се даде повеќе видливост за да им се даде можност да разберат дека им се потребни поинакви политики за Ромите, очекувајќи дека програмата ќе им помогне на владите и во изготвување на репорти за интернационалните тела/механизми за интернационален мониторинг, вклучувајќи ги тука и телата на Советот на Европа, со што ваквото изготвување на репорти ќе биде полесно за владите.

Ќе се спроведе исто така и евалуација на претходните два програми за Ромите од независен консултант.

Третата заедничка Програма на Советот на Европа, индиректно е зајакната од третиот Акционен План, во главата три: ,,Градење на почовечка и комплетна Европа,, каде што лидерите и водачите на владите од земјите членки на Советот на Европа ја потврдуваат нивната *,,заложба да се спротивстават на сите видови наисклучувања и несигурност на ромските заедници во Европа како и да промовираат нивна ефективна еднаквост. Очекуваме дека Европскиот Форум на Ромите и Патувачите ќе им помогне на Ромите и Патувачите да се изразат со активна подршка на Советот на Европа. На ова поле ќе се и направат чекори да се создаде кооперација помеѓу Советот на Европа, Европската Унија и ОБСЕ,,.*

Оваа заедничка програма - впрочем како и минатите програми - е јасен сигнал за добра волја за соработка изразена од Советот на Европа, Европската Комисија и ОБСЕ-ОДИХР.

**Кампања за подигање на свеста**

***1. Предизвик***

Кога размислуваме за Ромите, се излеваат голем број на стереотипи: Ромите го живеат животот питајќи или крадејќи, тие не сакаат да работат, не сакаат нивните деца да посетуваат училиште, не сакаат да се интегрираат во општествота каде што живеат, тие преферираат да живеат во предградијата, тие се главни актери во трговијата со луѓе.

Овие негативни верувања можат да бидат стереотипи, на пример, клишеа и однапред формирани мислења, или пак предрасуди, на пример, нерационални чувства на страв или одбивност; а обете водат кон дискриминаторно однесување кое што на Ромите им оневозможува пристап до граѓанските, човековите и социјални права.

Потребни се измени во статусот на Ромите.

Доста! Кампањата за комуникација и подигање насвеста, опфаќајќи ги на локално ниво земјите учеснички, ќе помогне да се скршат предрасудите и стереотипите, збилижувајќи ги Ромите и не-Ромите.

Досега, се нема направено кампања за подигање на свеста за Ромите на интенационално ниво.

***1. Да се земе в предвид***

- Кампањата ги опфаќа длабоко вкоренентите верувања и предрасуди. Оваа кампања треба да се гледа како прв чекор од еден долг процес кој што ќе биде продолжен преку идните проекти.

- Архитектурата на кампањата најнапред треба да ја стимулира соработката со останатите тела внатре во Советот на Европа; исто така треба да ги адресира националните, регионалните и локалните партнери, кои што можат да ја ,,преведат,, и мултиплицираат пораката на кампањата. Треба да се земе в предвид локалната димензија и треба да се охрабри соработката на локално ниво.

- Кампањата ќе ги покрие петте земји со различни политики кон Ромите, различни културни насоки и социјални норми, како и различни нивоа на развој на граѓанското општество; **но како и да е, пораката на кампањата е иста за сите европски земји.**

***1. Целни групи***

Кампањатат ќе го покрие ,,општеството во целост,, со идентифицирање на целни групи како во ,,каскакди,, за да се мултиплицира пораката, преку новинари, наставници во основното и средното обрзование, младите, членови на организации од граѓанскиот сектор, членови на локалните и регионалните парламенти.

### *1. Пораки на кампањата*

Луѓето најчесто обрнуваат внимание на невообичаените пораки, гласни и егзотични. Негативни пораки кои што имплицираат критикување на публиката, или пак отворено пропагираат стравови, најчесто се неефективни, па дури и контра продуктивни.

Затоа, Доста! кампањата ќе сугерира две основни позитивни пораки:

(a) Социјално политичка порака: Ромите имаат права и аспирации како и секој друг. Тие се граѓани на земјите каде што живеат и треба да се гледаат како такви, со полн респект на нивното државјанство и човекови права.

(b) Културна порака: Ромската култура е дел од Европското културно наследство и таа треба да допринесе до збогатување на европските општества. Сега е времето за да се покаже овој допринес.

### *1. Алатки на кампањата*

Интернет развој: Доста! мулти-јазичната интернет страница е платформа за промовирање на сите останати активности на кампањатат, но исто така и за собирање на аудио-визуелни материјали, како би можеле да се искористат и во останатите европски земји. На интернет страницата ќе може да се најдат интервјуа со Роми и не-Роми, ќе има форум за дискусија, ќе има информации за ромското културно наследство, постери кои што ќе можат да се печатат, видео репортажи и ТВ спотови, како и мошне корисна секција од линкови со контакти од ромски и не-ромски НВО.

Интернет адреса: www.dosta.org

Креативни видеа и слогани: Видеата и слоганите се елаборирани во соработка со мрежата на Советот на Европа и со Одделот на Советот на Европа за комуникации. Тоа се материјали кои што ќе можат да се користат како памфлети, постери и како аудио-визуелни продукти.

Аудио-визуелни продукти: Советот на Европа пред крајот на 2006 година продуцираше видеа од 20 и 40 секунди со кои што ќе ги промовира пораките на кампањата.

Видеата ќе бидат изложени на веб страницата и ќе се дистрибуираат бесплатно до националните телевизии за да се емитиуваат регуларно во текот на еден месец.

Радио пакетот пак што ќе седржи интервјуе е во пред продукција.

Медиа пакетот за новинари: Ќе содржи: интервјуа со луѓе од Советот на Европа, видео интервјуа со инволвирани личности, Евро репортажи за Ромите,

телевизиски спотови за кампањата Доста! Видеото што победи на конкурсот за видео за кампањата Доста!, документ за ,,Како да се бориме против стереотипите кон Ромите,, листа со НВО и контакти од земјите учеснички.

Фотографска подршка: Фотографии кои што ќе ја подржат кампањата направени од фотографи од земјите учеснички собрани од Советот на Европа.

Искази на познати личности: Одделот за Роми при Советот на Европа ги кани личностите кои се популарни меѓу широките маси кои што со нивни искази се наклонети кон Ромите и кои што ќе можат да допринесат да се надвладеат бариерите предизвикани од предрасудите. Ваквите нивни искажувања се наоѓаат на веб страницата на Доста! и се бесплатни за националните медиуми. Советот на Европа исто така ќе публикува постери за кампањата во соработка со амбасадорите на добра волја, кои што ќе ги рефлектираат културните и социо-политички пораки на кампањатат.

Достапност на медиумите: Прес офицер ќе ги следи активностите на кампањата и ќе подготвува известувања за јавноста и медиумите, и останат пишан материјал кој што ќе биде полезен за медиумите. Ова ќе се прави и за сите останати случувања врзани со кампањата.

## 1. *Активности на Кампањата*

### *1.1. Видео конкурс - 2006*

Преку отворен конкурс, уметничките академии/училишта, уметниците и агенциите од земјите учеснички се поканети да продуцираат кратко видео за промовирање на основните пораки на кампањата.

Видеата можат да бидат снимени на било кој јазик од земјите учеснички или пак на ромски, но мора да бидат титлувани на англиски. Одбраната продукција ќе биде објавена на веб страницата на кампањата. Жирито составено од Тони Гатлиф, Ром режисер (претседател на жирито), госпоѓа Александра Рајкова (ФЕРИП), госпоѓа Ливија Јарока (евро парламентарка), госпоѓица Клер Стефан (новинар на АРТЕ, интернационалната телевизија) и господин Џим Вернер (Еуроимаж), ќе ги одберат најдобрите видеа и ќе ги објават имињата на наградените за време на Филмската недела посветена на Ромите во Стразбург.

Наградените продукции ќе бидат дадени за бесплатно за емитување од ТВ станиците од земјите учеснички и ќе бидат користени од Советот на Европа и неговите партнери.

### *1.2. Две недели на ромската кинематографија*

Ова случување е прво од ваков вид и е можност за самите Роми да ја промовираат сопствената култура, а за генералната публика и нивната

култура која што често страда од стереотипе, да дознае повеќа за оваа популација. Настанот ќе се служи од први до четиринаесети ноември во Стразбург, во киното Одисеј.

Проектирани се 7 филма, по еден на ден во текот на целиот период. Три од нив се прикажувани во утринските термини за помладата публика.

Организирани се 4 специјални вечери: експерти, вклучувајќи и членови од ромските заедници со познати филмаџии, каков што е Тони Гатлиф, кој што одговараше на специфични прашања и водеше дебата за специфичностите на ромската историја и култура врзана или пак не, директно со филмот.

На 7 ноември беше организирана специјална вечер со проекција на филмот ,,Лачо Дром,, од Тони Гатлиф, следеше дебата и церемонија на доделување на наградите од конкурсот за видео на кампањата Доста!. На свеченоста присуствуваше и Генералниот Секретар на Советот на Европа господинот Тери Дејвис.

За ова време, на првиот кат од киното Одисеј беше организирана и фото изложба која што беше отворена во текот на случувањата. Изложените фотографии се на фотографот Сандро Велтин кој што успеал да ги сними во текот на својот престој во Србија од 24 до 29 септември. Фотографиите се исто така достапни на веб страницата на кампањата Доста!, на нејзината фотогалерија. (www.dosta.org).

### *1.3. Недела на Ромофобијата*

Оваа конференција се одржа како дел од мрежата на Доста! кампањата како и Кампањата на Европската Младина ,,Сите различни, сите еднакви,, и студиската сесија во 2005 година ,,Ромска младина - Ситуација и Перспективи 10 години по RAXI Кампањата,,.

На средбата на Европското Биро на ФЕРИП во Будимпешта во септември 2005 година беа одредени активностите на споменатата студиска сесија.

Конференцијата е планирана како можност за ФЕРИП да собере повеќе млади Роми кои што ќе ги дискутираат новите предизвици со кои што се соочуваат Ромите во Европа, во корелација со темите од Европската Младинска Кампања - Различноист, Човекови права и Партиципација.

Проектот ќе биде имплементиран во блиска соработка со Одделот за Роми и Патувачи на Советот на Европа.

Неделата на Ромафобијата се одржа во Стразбург од 17 до 22 нември 2006 година.

### *1.4. Регионална Работилница за известување за Ромитеза експерти од медиумите и членови на меѓу-министерските комисии за Ромите - 2006*

Оваа работилница ќе се одржи во една од земјите учеснички пролетта 2007 година. Учесници, покрај останатите, ќе бидат портпаролите на комисиите инволвирани во мониторинг на програмите/акционите планови, како и професионалци од медиумите.

Целта на оваа работилница е да се зголеми транспарентноста на владините активности за Ромите, како и да сугерира на новинарите како да ги избегнат стереотипите кога известуваат за Ромите. Фокус ќе биде ставен на комуникацијата и известувањето, но и на ромската култура и традиции.

Ваква работилница ќе им помогне на владините авторитети, локалните авторитети и на ромските лидери да го зајакнат сопствениот капацитет за обраќање на новинарите и кон мнозинската популација за потребата од адекватни акции кон Ромите, како и на остатокот од популацијата да им се објаснат придобивките од ваквите акцтивности, програми и акциони планови.

### *1.5. Конкурс за училишни проекти и проекти од областа на граЃанското општество - 2007*

Во соработка со националните/локалните училишни авторитети, Советот на Европа поттикнува конкурс во земјите учеснички преку доделување на награди на најдобрите иницијативи кои за цел имаат промовирање на ромското културно наследство и негова контрибуција во европските општества.

Првата награда ќе биде доделена во текот на церемонијата а ќе биде одредена од жирито.

Жирито ќе се состои од луѓе од Советот на Европа, Европската Комисија, луѓе од останатите интернационални партнери, национални експерти (релевантни авторитети) и претставници на ромските асоцијации, вклучувајќи го тука и Европскиот Форум на Ромите и Патувачите.

Советот на Европа исто така ги кани и граѓанските организации од земјите учеснички да ги имплементираат и документираат нивните проекти за борба против предрасудите и дискриминацијата над Ромите во секојдневниот живот, или пак во промовирање на партиципација на Ромите во Европските општества.

Одбраните проекти ќе бидат документирани на веб страницата на кампањата преку известувања или публикации како примери од добра практика. Селектираните проекти исто така ќе добијат и бренд како признание.

### *1.6. Уметнички и младински фестивал против стереотипите - 2007*

Советот на Европа во текот на пролета или летото 2007 во соработка со други организации и НВО ќе организира регионален уметнички и младински фестивал на ромската култура. Целта на фестивалот е да се привлече не-ромска публика. На фестивалот ќе бидат прикажани филмови режирани од Роми, ќе биде прикажан и аудио визуелниот материјал продуциран до тој момент. Ќе бидат поканети млади ромски музичари и уметници за да заедно со не-ромски артисти изведат перформанси против дискриминацијата. Фестивалот ќе вклучи и неколку спортски активности, работилници, како и фотографска изложба за интеграција на Ромите.

По секој настан на фестивалот ќе се одржуваат јавни дебати и тркалезни маси со претставници на Ромите.